До: заинтересирани граѓански организации
Сл. бр. EuropeAid/180645/DD/ACT/MK
Датум: 26.05.2026 (реобјава за продолжување на рок)

Предмет: Повик за доставување пријава за следење на спроведувањето на практиките за управување со текстилен отпад во рамки на проектот *„Еко Дијалог кон ЕУ: Поттикнување на еколошки промени преку застапување за политики“*.

Почитувани,

АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности Ве поканува да доставите пријава за следење на практиките за управување со текстилен отпад што ги спроведуваат локалните самоуправи и националните институции.

Понудата треба да ги содржи следниве информации:

- писмо за изразување интерес во кое е наведено името на лицето од граѓанската организација кое е номинирано и планскиот регион во кој ќе се врши следењето на спроведувањето на практиките за текстилен отпад. Доколку организацијата пријавува лицето за следење на спроведувањето на законот на национално ниво треба да го наведе тоа во писмото;

- стручна биографија на лицето;

- потпишана изјава за ексклузивност и достапност на номинираното лице (документ во прилог, анекс 1).

На повикот имаат право да се пријават сите заинтересирани граѓански организации во Република Северна Македонија. Повеќе детали за условите и начинот на пријавување можете да најдете во документот „Услови за работа“.

Понудата се доставува скенирана електронски на contact@agora.org.mk или во затворен ковert во архивата на АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности (ул.Ристо Шишков бр.12-1/4, 1000 Скопје).

На надворешната страна на ковертот наведете: ,,За повик Реф. Бр. EuropeAid/180645/DD/ACT/MK“ и текстот „Да не се отвора пред сесијата за евалуација”.

Документе во понудата доставени по е-пошта треба да се скенирани и со потпис од лицето.

Пријавата треба да се достави до 02.06.2026 година (вторник), до 00:00 часот.

Сите пријавени кои ги исполнуваат условите ќе бидат разгледани од страна на комисијата за евалуација и соодветно известени.

Со почит,

Кристина Хаџи-Василева

Проектна координаторка